Бр.-Nr. 08 - 163/7
24.07. 2026 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 67 седница одржана на 16.07.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за акредитација на студиската програма „Заедничка студиска програма по Политички науки - Интеграција и управување", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (120 ЕКТС) на англиски јазик, на Институт за социолошки и политичко правни истражувања при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје

1.Се акредитира студиската програма „Заедничка студиска програма по Политички науки - Интеграција и управување", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (120 ЕКТС) на англиски јазик, на Институт за социолошки и политичко правни истражувања при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024).

2.Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2026/2027 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 120 ЕКТС кредити и со академски назив: Магистер по Политички науки / во меѓународен промет, академски, назив: Master of Science in Political Science.

Научно - истражувачко подрачје: 5 Општествени науки; Научно – истражувачко поле5.06 Политички науки, Научно – истражувачка област: 5.06.00.01 Воведни политички науки, 5.06.00.02 Политичка теорија , 5.06.00.03 Компаративни политики , 5.06.00.04 Политички систем , 5.06.00.05 Применета политика , 5.06.00.06 Меѓународни односи и дипломатија , 5.06.00.07 Европски интеграции , 5.06.00.08 Методологија во политичките науки.

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 15 студенти.

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

По претходно донесената Одлука бр. 03-1149/1 од 30.12.2025 година од страна на Сенатот на Универзитетот, за усвојување на студиската програма „Заедничка студиска програма по Политички науки - Интеграција и управување", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (120 ЕКТС) на англиски јазик, на Институт за социолошки и политичко правни истражувања при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.03-60/1 од 27.01.2026 година (наш бр. 08 - 163/1 од 27.01.2026 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 49-та седница одржана на 13.02.2026 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 – 163/6 од 22.07.2026 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024). Правилник за методологијата, стандардите и доапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 67-та седница одржана на 16.07.2026 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Зоран Марков